Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-741/2
20-11-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08–741/1 од 16.10.2023 година, поднесена од [redacted] од Кочани, со адреса на живеење на [redacted] во Кочани, за извршена дискриминација врз основа на имотен статус, лично својство и општествен статус, припадност на маргинализирана група и социјално потекло, во областа на работата и работните односи, од страна на вработени лица во граѓанска организација- [redacted] со седиште во Скопје на [redacted] и вработено лице во Општина Кочани, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став (1) точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/20), го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08–741/1 од 16.10.2023 година, поднесена од лицето [redacted] од Кочани**, ЗАРАДИ НЕНАДЛЕЖНОСТ.**

### О б р а з л о ж е н и е

На 16.10.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на лицето [redacted] од Кочани, со адреса на живеење на ул. [redacted] во Кочани, против вработени лица во граѓанска организација - Цивил-Центар за слобода и лице вработено во Општина Кочани.

Во претставката е наведено дека подносителот е дискриминиран на работното место во Општина Кочани од страна на лица вработени во граѓанската организација [redacted] и лице вработено во Општина Кочани. Ова од причина што подносителот на претставката по завршување на настан во организација на граѓанската организација - [redacted] подносителот не бил формално поканет да учествува на вообичаен социо-друштвен дел, на кој било покането единствено лицето вработено во Општина Кочани против кое е исто така поднесена предметната претставка. Поради наведеното подносителот наоѓа дека е дискриминиран од овие лица. Дополнително како резултат на наведеното, упатил писмо – предпријава до овие лица за што му било предочено иститот да го повлече и доколку не го направи истото, ова можело да има последици по неговот работно место.

По разгледување на наводите во претставката Комисијата утврди дека нема надлежност за постапување по прашањето кое е предмет на претставката, а земени предвид нејзините законски надлежности, таксативно утврдени со член 21 став (1) од Закон за спречување и заштита од дискриминација.

Имено, во врска со прашањето кое се однесува на евентуална закана за губење на работното место, Комисијата го упатува подносителот да се обрати и побара заштита на своите права од Државен инспекторат за труд, како и од надлежните институтции и организации преку кои е ангажиран за извршување на работни задачи во Општина Кочани
.

Врз основа на сето изнесено, се одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје
27.11.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]
- Архива на КСЗД